МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18, 1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
www.mrt.com.mk

# З А П И С Н И К

**Од Седмата седница на Програмскиот совет на МРТ**
**Одржана на 18.08.2025 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ**

Присутни членови на седмата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Миле Гроздановски, Билјана Бабиќ, Бурим Рамадани, Томислав Кежаровски, Патриот Лумани, Музбајдин Ќамиљи, Маја Седрак, Лазо Трпков, Марјан Велевски и Владимир Палашевски.*

Он-лајн ја следеа седницата: *Ивана Ефремовски и Баким Лачи*

Други присутни на седницата: *Горан Атанасов, Директор на заеднички функции и администрација на МРТ*

Седмата седница на Програмскиот совет започна во 11:12 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Пред да го прочита Дневниот ред, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски информираше дека во тек е подготовка на допис до МРД, во однос на фрекфенцијата за Трет програмски сервис на Македонското радио – Програма на албански јазик. До следната седница истото би требало да биде изготвено.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Седмата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 6-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Донесување на Деловник за работа на Програмскиот совет на МРТ**
3. **Започнување процедура за подготвување нов Статут на МРТ**
4. **Информација за јавниот конкурс за избор на Надзорен одбор на МРТ**
5. **Информација за чл. 21 од Статутот на МРТ**
6. **Барање информација за Статутот и општите акти на МРТ**
7. **Информација во врска со актуелна програма**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 6-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог записникот од 6-та седница на Програскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Донесување на Деловник за работа на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски отвори дискусија по однос на точката 2 од Дневниот ред и истакна дека:

Во рамки на јавната расправа по Предлог-Деловникот за работа на Програмскиот совет, пристигнле повеќе иницијативи и предлози од кои најголемиот дел се однесуваат на програмата на МРТ, не се во согласност со објавениот повик и нема да бидат разгледани на 7-та седница бидејќи не се однесуваат на Деловникот. Сепак, тие ќе бидат земени предвид во фазата на усвојување на Годишната програма. Од пристигнатите дописи, два предлога се однесуваат директно на Деловникот – еден целосен од Валентин Попоски и еден делумен од Даниела Петковска. Сите дописи се претходно испратени до членовите на Програмскиот совет.

Во однос на предлогот на Попоски кој се однесува на член 3 од Деловникот и гласи: „Член 3 од Предлог-Деловникот треба во целост да се избрише, бидејќи е целосно во спротивност со Член 122 Став 1 од Законот за ААВМУ и со Член 34 Алинеја 1 од Статутот на МРТ кои експлицитно наведуваат дека седниците на Програмскиот Совет се јавни и воопшто не оставаат простор за поинаква постапка. Секое непочитување на овие одредби значат кршење на Законот и на Статутот. Затоа Член 3 од Предлог-Деловникот треба во целост да се избрише“.

**Член 3 (јавност на седниците):** Според Член 122 од ЗААМУ и Член 34 од Статутот на МРТ, правото на јавност и присуство на седниците на Програмскиот совет се доуредува со Деловникот. Во самиот Деловник (член 3) е утврдено дека седниците по правило се јавни, а можат да бидат затворени во согласност со Закон, подзаконски акт или по одлука на Програмскиот совет со мнозинство гласови. Дополнително, по секоја затворена седница Советот е должен да ги соопшти своите ставови и заклучоци. Оваа формулација обезбедува транспарентност и не е спротивна на ниту една законска или статутарна одредба. Напротив, ваквата практика постои и во други јавни тела кога се разгледуваат чувствителни прашања.

Претседателот го стави предлогот на гласање:

- **Против гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет**

Во однос на предлогот на Попоски кој се однесува на член 11 од Деловникот и гласи: „Член 11 Алинеја 4 од Предлог-Деловникот треба во целост да се избрише, бидејќи е спротивен на Член 123 (сите три става) од Законот за ААВМУ и на Член 35 (сите три алинеи) од Статутот на МРТ. Имено, и со Законот и со Статутот е точно утврдено каков надоместок добиваат членовите на Програмскиот Совет. Притоа е утврдено и дека постои право на надомест на патни трошоци, но не и право на вонредни трошоци за зголемен обем на работа. Во овој случај, Законодавецот сметал дека нема потреба од такво нешто, бидејќи Програмскиот Совет не работи ниту на часови, ниту на некаква друга норма која мора да ја исполни, а не може. Затоа, во Законот и во Статусот се таксативно наброени надоместоците за членовите на Програмскиот Совет. Тоа што се бара во Член 11 Алинеја 4 од Предлог-Деловникот е надвор од законот и таа алинеја треба да се избрише“.

**Член 11 (надоместоци и организација на работата):** Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (чл. 105) јасно е предвидено дека финансирањето на МРТ и органите во рамките на МРТ се уредува преку буџетски средства, а начинот на финансиско управување се доуредува со Деловникот и подзаконските акти донесени од Програмскиот совет (став 11). Ова претставува директна правна основа да остане предвидениот надомест во Деловникот.

Дополнително, никаде во Законот, ниту во Статутот, нема експлицитна забрана за исплата на надомест на претседателот и заменик-претседателот поради зголемен обем на работа. Со самото тоа, предвидениот надоместок во Член 11 од Деловникот (3.000 ден. за претседателот и 2.000 ден. за заменикот по седница) е оправдан и правно издржан.

Претседателот го стави предлогот на гласање:

- **Против гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет**

Во однос на предлогот на Попоски кој се однесува на член 36 од Деловникот и гласи: „Член 36 Алинеја 2 треба да гласи: "На седниците на Програмскиот совет можат да присуствуваат лица вработени во МРТ, надворешни лица, како и заинтересирани организации." без другиот дел од реченицата, затоа што Законот и Статутот веќе утврдиле дека седниците на Програмскиот Совет се јавни. Со Деловникот се утврдува начинот на повикување и однесувањето на учесниците на седниците, а не дали смеат или не смеат да бидат на седниците, затоа што и Законот и Статутот тоа веќе го утврдиле а приори како задолжителна законска рамка во членот 122, односно 34. Инаку, со Предлог-Деловникот веќе се утврдени потребните услови за однесување на присутните на седниците во предложените членови 32, 33, и 34, на кои немам забелешки“.

**Член 36 (јавност и присуство на седниците):** Според Законот (чл. 122) и Статутот (чл. 34), седниците на Програмскиот совет се јавни, но начинот на присуство на лица кои не се членови е прашање што се доуредува со Деловникот. Затоа, условот за поднесување претходно образложено барање е оправдан – тој не ја ограничува јавноста, туку обезбедува ред и несметано одвивање на седниците. Дополнително, во членовите 32, 33 и 34 веќе се утврдени правилата за однесување на присутните, а член 36 само ја надополнува таа рамка. Поради тоа, предлогот на Попоски може аргументирано да се одбие.

Претседателот го стави предлогот на гласање:

- **Против гласаа 13 (тринаесет) членови на програмскиот совет**

Со оглед на наведеното, Претседателот на Програмски совет предложи забелешките на Попоски по Предлог-Деловникот да не се земат предвид.

<u>Во однос на забелешките на Даниела Петковска кои гласат:</u>
„Записникот односно Деловникот ги опфаќа сите потребни информации за начин на раководење и транспарентност при донесувањето на одлуките. Главниот коментар ми се однесува на тоа дека Програмскиот совет треба да носи независни одлуки и одлуките да се земат задолжително во обзир од страна на менаџментот на телевизијата, а во интерес на граѓаните. Во поинаков случај, не би ја сфатила смислата на постоење на ваков Совет доколку одлуките кои се однесуваат на МРТ и особено нејзината програма не бидат задолжителни, наместо советодавни како досега.

точките кои ќе се ставаат на дневен ред треба да произлезат од препораки и барања на јавноста првенствено, да бидат концизни, да овозможат дебата и да резултираат со донесување на одлуки

да се скуси целата формална и бирократска процедура во Записниците (презентирана на веб страната на МРТ за состаноците), односно седниците да бидат јасни, со конкретни теми за дискусија и заклучоци, а не да се троши време и средства на долга бирократија и забелешки во Записниците кои се од никакво значење за граѓаните

членовите на Програмскиот совет да се фокусираат на програмата на МРТ, а не на точки, кои како што споменав претходно, не се од интерес на гледачкиот аудиториум“.

Програмскиот совет ја врши својата работа независно и во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Статутот и Деловникот, обезбедувајќи јавност и транспарентност во работењето. Токму отворањето јавна расправа за Предлог-Деловникот е потврда дека Советот се води од јавноста и ги зема предвид нејзините иницијативи и предлози. Во однос на независноста и задолжителноста на одлуките, тие се прецизно уредени со Законот и не можат да се менуваат со Деловникот, при што улогата на Советот е советодавна и програмска, а менаџментот е должен да ги зема предвид донесените

мислења и препораки. Записниците, пак, претставуваат задолжителен официјален документ согласно Законот и Деловникот и не се бирократска форма, туку механизам за транспарентност и отчетност.

Со оглед на наведеното, Претседателот на Програмскиот совет предложи забелешките на Петковска да не се земат предвид, бидејќи се од генерален карактер и не се однесуваат на конкретни одредби од доставениот Предлог-Деловник, а истовремено имајќи го во предвид и даденото образложение по нив од страна на Советот.

Претседателот го стави предлогот на гласање:

- **ЗА гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет**

Дополнително, Претседателот на Програмскиот совет предложи неколку финални измени, се со цел да се доуредат одредени прашања кои веќе ги практикува Програмскиот совет од што произлегува потребата да бидат и формално уредени.

**Во Член 37**, став 2 јавни состаноци да се замени со јавни седници (во смисла на користење посоодветна и појасна терминологија во Деловникот)

Претседателот го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на програмскиот совет**

Понатаму, **во Член 37**, да се се додаде нов став, став 3 кој гласи:

Сите заинтересирани субјекти и поединци може да достават свои предлози, мислења и иницијативи, како и да остварат директен контакт со Програмскиот совет и преку електронска пошта: programskisovet@mrt.com.mk.

**Претходниот Став 3 од Член 37 станува став 4.**

Претседателот го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на програмскиот совет**

Воедно **во Член 15**, се додава нов став 2 кој гласи:

Електронската комуникација, односно размената на информации по пат на електронска пошта, се смета за единствен официјален начин на координација и усогласување на ставовите меѓу членовите на Програмскиот совет надвор од редовните седници, со цел навремено и ефикасно исполнување на законските обврски на Програмскиот совет.

Претседателот го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на програмскиот совет**

Претседателот на Програмскиот совет констатираше дека Деловникот за работа на Програмскиот совет е усвоен и го задолжи Директорот на МРТ да им наложи на службите финалната верзија од овој документ да ја проследат до членовите на Програмскиот совет. Воедно оваа верзија од Деловникот да биде објавена и на интернет страната на МРТ.

**Точка 3. Започнување процедура за за подготвување нов Статут на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет изнесе дека согласно член 37 од Статутот на МРТ и член 43 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Сл. весник на РСМ“ бр. 248/2018), Програмскиот совет е должен, во рок од 60 дена од изборот, да ги донесе подзаконските акти, меѓу кои и нов Статут на МРТ.

Имајќи предвид дека за усвојување на Статутот е потребна согласност од Надзорниот одбор, кој во моментот не е избран, тој предложи Програмскиот совет да донесе одлука:

- Да се започне постапката за подготовка на нов Статут;
- Во рок од 60 дена Директорот на МРТ да ги задолжи службите на МРТ да изработат нацрт-верзија;
- Откако Програмскиот совет ќе го усвои Предлог-Статутот, истиот да се стави на јавна расправа, со цел преку транспарентен и инклузивен процес да се изготви овој клучен подзаконски акт на МРТ;
- По изборот на нов Надзорен одбор, да се добие неговата согласност и да се усвои Статутот.

Во дискусијата се вклучи Маја Седрак со предлог доколку е можно да се најде некој пропишан општ акт во кој е утврдено како би се постапило во ваква ситуација, кога треба да се подготвува нов Статут во тек на предизборна постапка.

Претседателот ја стави точката на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на програмскиот совет**

**Точка 4. Информација за Јавниот конкурс за избор на членови на Надзорен Одбор на МРТ**

Директорот на Заеднички функции и администарација на МРТ Горан Атанасов ја приложи на разгледување Одлуката за запирање на постапката за избор на членови на Надзорен Одбор на МРТ на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски, како и на останатите членови на Програмскиот совет.

Претседателот на Програмскиот совет ја стави Одлуката за запирање на постапката за избор на членови на Надзорен Одбор на МРТ на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на програмскиот совет**

**Точка 5. Информација во врска со член 21 од статутот на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски потенцираше дека Член 21 од Статутот на МРТ предвидува дека за време на изборна кампања МРТ е должна да ги почитува прописите со кои се регулираат изборите, додека поблиските критериуми и стандарди за следење на изборната кампања ги утврдува Програмскиот совет, по предлог на Директорот на МРТ.

Согласно ова, на 09.08.2025 односно на денот на распишување на изборите, МРТ ги објави **Правилата за медиумско покривање на Локалните избори 2025**, кои се донесени и усвоени во согласност со обврските од Изборниот законик. Паралелно, се применуваат и **Етичките и професионални принципи на МРТ** за медиумско покривање на изборни процеси (подготвени со поддршка на Британската амбасада во 2016 година). Овие документи обезбедуваат рамка за непристрасно и независно известување, во согласност со меѓународни стандарди, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Изборниот законик, Етички кодекс за новинарите и медиумите во Македонија и Етичкиот кодекс на МРТ.

Во таа смисла Претседателот на Програмскиот совет констатираше дека во овој случај е применет член 21 од Статутот, и предложи Програмскиот совет да укаже на потребата:

1. Од ревизија и ажурирање на Принципите, имајќи предвид дека некои правила во новинарството се универзални, но специфичниот контекст и развој на медиумите наметнува потреби од менување, како и глобалните предизвици, употребата на современата дигитална технологија, појавата на вештачка интелигенција итн;

2. При евентуални измени на Изборниот законик кои се однесуваат на јавните гласила, поконкретно на МРТ навремено да се ревидираат и Правилата;

3. Да се земе предвид потребата од унапредување на постојниот Етички кодекс на МРТ (донесен во 2017 година), паралелно со Етичкиот кодекс за новинарите и медиумите во Македонија (донесен во 2001 година), за кој веќе е започнат процесот за изработка на нов, со цел нивно усогласување со современите новинарски и медиумски стандарди;

4. Да се охрабрат новинарите кон доследна примена на Правилникот и Принципите.

Напомена: Правилникот се однесува на сите програмски сервиси на МРТ.

Претседателот ја стави точката на гласање

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на програмскиот совет**

**Точка 6. Барање информација за статусот со општите акти кои произлегуваат од Статутот на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет даде Предлог, Програмскиот совет да побара од директорот на МРТ писмена информација за статусот со општите акти кои согласно член 74 од Статутот на МРТ се во исклучива надлежност на Програмскиот совет, а согласно член 75 предлогот за нивно донесување го доставува директорот на МРТ.

Информацијата да содржи:

- Дали сите пропишани акти се донесени;
- Датум на донесување на секој акт;
- Периодичност на нивното носење или ажурирање;
- Листа на акти со приоритет за донесување во наредниот период.

Дополнително, да се достават на електронска пошта на членовите на Програмскиот совет сите важечки и веќе донесени општи акти.

Ова барање се предлага со цел новиот состав на Програмскиот совет да добие целосен увид во состојбата со актуелните документи и динамиката на нивното донесување и примена.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на програмскиот совет**
-

**Точка 7. Информација во врска со актуелна програма**

Претседателот на Програмскиот совет му даде збор на Томислав Кежаровски да се произнесе по оваа точка.
Томислав Кежаровски истакна дека на МТВ1 се емитува емисија од областа на спортот која според него можеби не ги задоволува стандардите. Воедно тој предложи да се достави информација по однос на оваа програма.

Пред крај на седницата на Програмскиот совет Томислав Кежаровски даде предлог, приходот од една одржана седница кој го добиваат членовите на Програмскиот совет да се донира во некој фонд за настраданите во пожарот во Кочани.

Дополнително, по предлог на Претседателот на Програмскиот совет, Советот ја именуваше Ивана Ефремовски, магистер по односи со јавност и член на Советот, за лице одговорно за односи со јавноста, со цел обезбедување поголема транспарентност и поефикасна комуникација на Програмскиот совет.

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари за присуството и ја закажа следната седница на 27.08.2025 година во 11:00 часот.
Претседателот на Програмскиот совет ја затвори Седмата седница на Програмскиот совет на МРТ во 12:42 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-5143/4
18.08.2025г.

_________________________
Давор Пашоски